# МАТЕРИЈАЛИ

Љ. ЛАПЕ

## НОВИ ПРИЛОЗИ ЗА ОСВЕТЛУВАЊЕ ЛИЧНОСТА И ДЕЛОТО НА ДИМИТАР ПОПГЕОРГИЕВ БЕРОВСКИ

Освен објавените досега документи за Димитар Попгеоргиев Беровски во познатите збирки на Кацаров-Кепов[1]), на патријархот Кирил[2]), во кореспонденцијата на Ст. Веркович[3]) и во статијата на Михајло Миноски[4]), во најново време објави Дојно Дојнов уште 21 документ за Кресненското востание.[5]) Седум од документите, објавени од Дојнов, се извонредно важни за проучување личноста и делото на водачот на Разловечкото востание и началник на Штабот на Кресненското востание, Димитар Попгеоргиев Беровски, поради што ги преведов на македонски јазик и ги предавам на нашата научна јавност на ползување. Нивните оригинали, според Дојнов, се наоѓаат во Националниот воено-историски музеј во Софија, во фондот на Димитар Попгеоргиев Беровски № 30/1959. Осмиот документ иако објавен кај Миноски повторно го објавувам овде поради дополнување на еден од седумте документи објавени од Дојнов.

Повеќекатна е важноста на овие документи. Пред сè од нив се гледа дека Димитар Попгеоргиев, по задушувањето на Разловечкото востание и преминувањето на териториите на Бугарија, која била поседната од руските војски, станал во новата дотогаш непозната средина една од раководните личности за подготовка на отпорот против турската власт. Тој се среќава со тогашниот руски губернатор во Софија П. Алабин и говори за „преземеното дело“ (веројатно за планираното Кресненско востание); се загрижува за лошата положба на турската гра-

1) Г. Кацаров—Ив. Кепов, Документи по Кресненското възстание. Сборник на БАН кн. XXXVI.

2) Български патриарх Кирил, Съпротивата срещу Берлинския договор. Кресненското въстание. София 1955.

3) Документи за Българското възраждане от архива на Ст. Веркович. София 1969 год.

4) Михајло Миновски, Новооткриени документи за револуционерната дејност на Димитар Попгеоргиев. Гласник на Институтот за национална историја, XVI, 3 (1972), Скопје.

5) Доино Доинов, Нови документи за Кресненско-Разлошкото въстание. Известия на Националния военно-исторически музей I, София 1973.

ница во Горно-Џумајска околија (денес Благоевградска) поради честите турски башибозучки напади (дури спомнува за една таква битка со 400 лица турски башибозуци која траела цели 7 часа); се согласува да организира специјална стража на границата за да воведе ред, зашто добива и специјално полномошно од видните граѓани на Џумаја со месечна плата од 2.000 гроша. Меѓутоа, најголема важност има овде објавениот негов деловоден протокол и неговиот личен дневник од 26 ноември 1878 до 14 јануари 1879 год. Деталите што во овие документи се наоѓаат говорат, пред сè, за основните проблеми што го преокупирале Попгеоргиева на ослободената територија од кресненските востаници: снабдувањето со оружје и муниција, распоредот на четите и стражите, организирањето на востанички логори, создавањето на старешински совети и одбирање на нивни раководители, испраќањето на чети со разузнавачки тенденции, издавањето на гранични белешки за премин низ слободната територија и др. Особено се од значење податоците од неговиот личен дневник за начинот на одбирањето старешински совети и нивните раководители, за нивните компетенции на тие должности и др. Научните работници кои се занимаваат со организирање на востаничката власт на ослободените територии, за нејзиниот карактер и форми како и за придонесот на Попгеоргиев во тоа, ќе најдат во нив извонредно богат и досега непознат материјал за своите заклучоци.

Од не помало значење е овде објавениот документ за задолженијата и правата на месното полициско началство, т.е. новосоздаденото воено-револуционерно тело од востаниците по победата во Кресна, а пред 17 октомври 1878 год. Покрај чисто воено-револуционерните задачи, преку кои што Штабот на Кресненското востание целел да внесе ред и дисциплина, членовите на ова Полициско началство имале обврска и право „да располагаат со преземените востанички имоти да ги одземаат и предаваат". Водејќи сметка за тогашните аграрно-правни односи во Македонија, особено за држењето на најубавите земји и чифлици од турските бегови, реализацијата на овие права би претставувало решавање на аграрното прашање. Меѓутоа, оваа ставка од задолженијата е пречкртана во самиот документ најден во архивата на Димитар Попгеоргиев: дали тогаш или подоцна не може со сигурност да се установи.

Од сите овие документи релјефно ни се оцртува ликот на Димитар Попгеоргиев како извонреден организатор што настојува да воведе строг ред и дисциплина како основни елементи за зачувување на слободната територија, обградена од три

страни со редовни турски војски и разуларени башибозуци. Поради сето горното честопати Димитар Попгеоргиев лично применува строги физички казни над непослушните и дезертерите. Најодзади, но не и на последно место по важност, од личниот дневник на Попгеоргиев излегуваат на видело и социјалните противречности во редовите на македонското население од ослободените села, интригите на македонските чорбации и нивниот успех во еден момент дури да го разоружаат Попгеоргиева и да го испратат на суд. Преданоста на ослободителниот идеал на својот народ и покажаната цврстина со која минува низ сите пречки и премрежија, изнесени во овие документи го издигнуваат уште повеќе ликот на Димитар Попгеоргиев Беровски во нашите очи.

1

Почитувани пријатели и Г-да Косте[6]), Георги[7]) и Георги Бабаџанов[8]).

Ја имавме честа да се сретнеме со Неговото Високо превозходство софискиот губернатор[9]) и да разговараме за нашето преземено дело. Овде луѓето се исплашени од честите турски напади на граничните села и смаени од тоа не знаат да се користат за своето добро. Денес тргаме за Рила. Од манастирот пак ќе ви пишам. Ве поздравувам и останувам

Ваш Д. П. Георгиев

(На истиов документ белешка со молив на Д. П. Георгиев): „1878 година 19. септември. Издржавме 7 часа во село Кресна битка со 400 души башибозуци и редовна војска".

2

ПОЛНОМОШНО

Поради секојдневните турски напади на пограничните места во нашиот округ најдовме за најпогодно да Ве поканиме Вас г. Димитрие да примите служба за да воведете спокојство меѓу населението од тие напади. Затоа Ве ополномоштуваме Вас, да употребите средства преку кои би можеле да го убедите населението да сочувствува и да ги зачува како народните така и приватните интереси во нашиот округ. Во спротивен случај, ако некој би се противел на Вашите наредби, со него имате право да постапите како што Вие наоѓате, т.е. или сами да го принудите да ги исполнува своите должности или да ѝ го претставите на полицијата.

---

[6]) Георгиев Коста од с. Белица, четоводец во Кресненското востание.

[7]) Георги Пулевски од Галичник, војвода во Кресненското востание.

[8]) Еден од тогашните видни личности во Кресненското востание.

[9]) Тогашен руски губернатор во Софија бил П. Алабин (1824—1896).

Ние пак, по одобрение на населението од округот, се обврзуваме да Ви плаќаме по 2.000 гроша месечно додека сте на таа служба.

10. септември 1878 г.
Џумаја

Михаил Марков
Ив. Стојменов
К. Георгиев
Г. Д. Мициев
Г. Димитриев
А. Г. Костенцов
Илија Лазаров

3

## ЗАДОЛЖЕНИЈА НА МЕСНОТО ПОЛИЦИСКО НАЧАЛСТВО[10])

Именуваните г-да полициски членови се задолжуваат и ополномоштуваат:

1. Да соберат војска од способните жители во новоослободените места;

2. Да собираат данок според состојбата од секого кој не може да стапи во војничка служба;

3. Да располагаат со преземените востанички имоти, да ги одземаат и предаваат.[11])

4. Да набавуваат оружје, куршуми и секакви војнички потреби;

5. Да ги гонат, фаќаат и да ги предаваат на востаничкиот штаб избеганите од воената положба;

6. Секој без билет ќе се ограничува, особено оние што од Турско (доаѓаат);

7. Ќе се грижат за спокојството на населението во заземените места, строго ќе ги гонат злосторниците и строго ќе ги накажуваат виновниците;

8. Ќе ја исполнуваат секаквата писмена заповед на востаничкиот Штаб.

Состав на полицијата:

Претседател Х. Аманис — Влахи

Благајник Петре Николов — Кресна

Дејствителен член Мицо Стојменов — Кресна

Дејствителен член Тодор Стојнов — Кресна

Дејствителен член Димитар Х. Цветков — Кресна

Дејствителен член Хаџи Ильо — Влахи

Дејствителен член Ангел Митре — Оштава

Дејствителен член Никола Тодоров — Оштава

---

[10]) Овој документ е од околу 17 октомври 1878 год.
[11]) Оваа ставка е пречкртана.

4

24. октомври 1878 До Џумајскиот македонски комитет
с. Влахи

Познато Ви е веќе од писмата за тоа што се случи меѓу македонските востаници поради неслогата меѓу двајцата бивши прв и втор командант.[12]) Сега Г-н Војткевич кога се врати од с. Брезница и да тргне за Џумаја ми рече дека со командата заедно оставил овде готово и во момчињата 20 товари куршуми и пексимит (Овде е оштетен документот). Тоа е за Ваше знаење и на Ќустендилскиот комитет.

Димитар Попгеоргиев

5

29. октомври 1878 г.
с. Влахи

Г-не дедо Георги[13])

Се молите оваа вечер да заминете со целата чета или со неколку од четата патрола по стражите, кога почнете од горе од Скалата, по ридот па дури долу на мостот кај Капчева.[14]) Тоа можете да го сторите според Вашето расположение и на две одделенија. Одговорете.

На Македонското востание
Началник на Штабот
Д. П. Георгиев

На грбот на овој документ стои: „Потврдено на 29 октомври, Влахи (Ракописот е на Д. П. Георгиев) Примам: Георги Пулевски".

## ДЕЛОВОДЕН ПРОТОКОЛ НА ДИМИТАР ПОП ГЕОРГИЕВ ОД 1878 ДО 1879

1 декември:

На Македонскиот џумајски комитет за 20 пушки мартинки и четири товари куршуми — Сушица.

6 декември:

На Георги М. Николов да не чека во Србиново, но да замине во Каршијак — Сушица.

---

[12]) Се однесува на отстранувањето од востаничкото раководство на двајцата честољупци и авантуристи: рускиот козак Адам Калмиков и Полјакот мајор Луј Војткевич.

[13]) Се однесува на дедо Георги Пулевски, познат војвода во Кресненското востание.

[14]) Иван Капчев, четоводец во Кресненското востание.

6 декември:

На Михаил Каранфилов да дојде во Востанието — Сушица.

6 декември:

На Македонскиот џумајски комитет одговор за примените 10 мартинки и 2 капаклии, со две тестиња книги и 1/2 тесте плика — Сушица.

10 декември:

На Добрилакчани, Никудинчани и Раздолчани за коњите — Цапарево.

13. декември:

На Македонскиот џумајски комитет за 100 пушки, кожуви, шинели и куршуми. За направата на три места востанички логори и за стражите по реката Лебница, околу Струма и по горета околу Малешево.

14 декември:

Устројство на управата за востаниците главатари и капетани на селата во Каршијак од Мелничкиот округ — Игралишта.

20 декември:

На Македонскиот џумајски комитет одговор за примените 60 капаклии, 6/5 товари куршуми и 16 шинели и за определените 3 села: Игралишта, Добрилаки и Гореме да бидат живеалишта на 400 војници. Исто така и за старешинските совети по селата и за определениот капетан Златко — Цапарево.

24 декември:

На Динето да замине со четата во Петричкиот и во Поројскиот округ за да ги провери становите на турската војска.

29 декември:

На Македонскиот џумајски благотворен комитет за оружје: куршуми, опинки, свеќи, книги за пишување, сапун, мастило и џанфес, еден аршин платно приметка за расноските, бидејќи се надува од Комитетот и за Пахомијевата злоба против мене.

29 декември:

На Босилкова за Паскаловото своеволно одење во Џумаја и да не му ги поверат востаничките пари од бакарот. — Цапарево.

## 1879 година

6 јануари:

Пропусно писмо до стражарите за тројца Богородичани да преминат низ востаничките места. За нивните 5 украдени говеда. — Цапарево.

6. јануари:

До стражарите пропусно писмо за двајца тетовчани, Глигор и Александар, да преминат низ востаничките места за Џумајски округ. — Цапарево.

6 јануари:

На Бојовата чета да варди стража на Струмичкиот синор и да дојде за договор. — Никудин.

22 јануари:

До Охридскиот митрополит Натанаил, зошто сум затворен и објаснување причините на тоа затворање.

24 јануари:

На Коте Георгиев, претседател на Окружниот суд според сметката за 387 и 3/4 гроша одговор со 2 турски лири 250 гроша. — Џумаја.

## ЛИЧЕН ДНЕВНИК НА ДИМИТАР ПОП ГЕОРГИЕВ
### од 26 ноември 1878 до 14 јануари 1879 година

26 ноември:

Тргнав од Џумаја за Каршијак со Пахомија.

27 ноември:

Тргнав од Падеж и платив за трошоци 17, 1/2 гроша.

29 ноември:

Тргнав од Тросково и платив кирија 20 гроша.

30 ноември:

Во Сушица платив за кирија и други трошоци 28, 1/2 гроша.

7 декември:

Во Сушица платив 61, 1/2 гроша трошоци и тргнав за Моравица.

8 декември:

Од Моравица тргнав за Гореме и изгорев 5 турски куќи. За прибирањето на Турците и разговор со нив.

8 декември:

Во Гореме му забележив на Пахомија да не зборува пред простиот свет зборови кои даваат повод за непослушност и разврат на спрема злото. Но бидејќи тој не го прими овој предлог и уште упорствува да им зборува на селаните, дека се тие слободни што сакаат да прават, па дури и дека одење на некои од нив кај Турците било нешкодливо. Си дозволи да ме нападне како злосторник и дека моето држење ќе го сосипе населението ако ги слуша моите совети и напатствија. По тој повод му реков на Пахомија да се врати во Џумаја.

9 декември:

Тргнав за Цапарево каде што се сретнав со Златко и со другите востаници.

10 декември:

Момчиња испратив со писма во селата Раздол, Добрилаки, Колибите и Никудин за коњи со кои да донесат оружје од Џумаја.

12 декември:

Тргнав за Седелец.

13 декември:

Од Седелец испратив 18 коњи за оружје и тргнав за Игралишта.

14 декември:

Во Игралишта собрав по неколкумина од попрвите луѓе од селата, го потпишаа Устројството на управувањето во Каршијак и го одбраа за капетан Златко. Запишав кои се за оружје, какво оружје имаат и поставив старешини.

16 декември:

Во Никудин поставив старешински совет, кој какво оружје има и кои се за оружје (способни да носат — б.м.).

17 декември:

Тргнав за Добрилаки.

18 декември:

Во Добрилаки поставив старешински совет и за Раздол, и запишав кој какво оружје има и кои се за оружје.

19 декември:

Тргнав за Цапарево.

20 декември:

Во Цапарево поставив старешински совет. За Цапарево и Крушица. Запишав кој какво оружје има и кои се за оружје.

23 декември:

Во Седелец поставив старешини. Запишав кои какво оружје имаат и кои се за оружје. За неприбирањето во селото еден тепав, а од тројца по една бела меџидија зедов за момчињата. Запишав и во Маалите кои какво оружје имаат и кои се за оружје. Исто така и старешини поставив.

26 декември:

Во Игралишта ги прибрав под команда запишаните војници од Игралишта, Маалата и од Седелец. За непослушност тепав 8 души од селаните и сите се прибраа во селото.

26 декември:

Од Цапарево тепав еден Крстилчанин бидејќи зборуваше против Уредбата.

## 1879 година

1 јануари:

Од Добрилаки ги посетив војниците, пратив да не се одземаат во Струмичко Ново Село 68 овци од Трајана Лигавивчето.

2 јануари:

Во Колибите ги забрав под стража Златко Спасов и Стоилко Стојанов зашто бегале кон Петричкиот округ кога почнала битката на Крестилскиот врв.

3 јануари:

Во Игралишта отидов со 80 војници на Крестилски врв со знамиња и со труба. Го тепав колибарец Златко и Стоилко со по 50 прачки и ги ослободив.

5 јануари:

Во Игралишта Златко Спасов Колибарецот, Димитар Очакот и Георгија Трошане ги побунија војниците против мене, заради вратените коњи од Џумаја без оружје. Намерата им била да ме убијат. Нивната лоша мисла се изнесе со сведоци пред селските старешини.

7. јануари:

Во Цапарево, селаните разнервирани од оние што се вратија без оружје од Џумаја беа се очајале од востаничките уредби та ги прибрав и им наредив да се зафатат од сè срце за работата што им се наредува.

8 јануари:

Од Цапарево тргнав со 40 војници под командата на стотникот Мите Јурукот од Горемската страна и го однесов Андреја Николов со неговата дружина да ги наоружа во Игралишта.

10 јануари:

Во Игралишта го повикав на суд пред старешините Димитар Очакот и Георгија Трошане. Димитрија призна дека имал намера со Георгија да ме убијат на Андресовамо. На дружината ѝ дадов 38 пушки што ги собрале селаните Седелчани, Михалчани и Игралиштани.

11 јануари:

Во Никудин ги посетив војниците од Добрилачката стража и заминавме за Добрилаки.

12 јануари:

Мите Јурукот со својата стража фатил двајца шпиони од Мелник во село Игралишта, ги однесол во Цапарево и испратил од стражарите две момчиња да му јават на капетан Златко и да им пишат што да прават со шпионите. Капетанот им дозволил да ги мавнат од народот и овие ја исполниле оваа заповест.

13 јануари:

Во Добрилаки Златко ни предаде 4 шпиунски писма, 2 прогласа, еден од владиката Мелетиј и Прокопиј, а другиот од Мелничкиот кајмакам Али Назим со кој го кани населението да се прибере по своите куќи, да нема страв од Турците, испратениот Спанданија од Палат и Митре од Сушица добро да ги пазат, со доверба да се однесуваат на она што тие ќе го зборуваат и од секое село по неколкумина од попрвите луѓе да заминат по овие двајца во Мелник на договор.

14 јануари:

Во Добрилаки. Стаса еден Колибарец испратен од собраните старешини во Цапарево да ме покани за да заминам кај нив. Игралиштанските и Никодинските старешини со неколку други луѓе ги испра-

тив за Цапарево. Јас останав да го чекам решението на своеволното собрание кое ако ми се допадне ќе останам, ако не да се повлечам од таа страна. Торолинко ги поведе војниците во Цапарево. Златко замина со Христо Врачанецот за Колибите. Чорбациите собрани во Цапарево по Рибичански и Горичански поттик ги побуниле војниците од стражата и ги одвеле за Добрилаки. Под Раздол го сретнале и Торолинка — тие заедно со другите војници го обиколија Добрилаки, во една куќа го фатија Мите Мекана и Мете Кучукот. Кај мене во куќата на Трено влегоа 5—6 мина со Велка од врвот Куповица и Јована од Рибница. Ми рекоа да одам во Раздол, но без оружје. Ми го зедоа оружјето.

23. јануари 1879 год.
Од затворот во Џумаја

До Неговото Високопреосвештенство Охридскиот митрополит
Г-н Натанаил

Ваше Високопреосвештенство!

Најдостојниот, очајаниот и самопрегорниот човек во народното движење е веќе в затвор за одмазда на неговите подвизи. Не знам како му се претставени на Вашето Високопреосвештенство причините на ова затворање, но од Вашите поздрави заклучувам дека душевно страдате како за свое чедо и прв соработник за овој дел од народот. Милиот беден народ! Ете зошто го милуваме и дошол до таков степен што во себе ја чувствуваме должноста да ја пролееме и последната капка крв за него. Јас сум од посовреме прежалената жртва и не сум за жалење макар и да загинев во Мелничкиот Каршијак, како што загина покојниот војвода Стојан во Оштава, тоа не значи ништо. Ете каква загуба е за жалење и обрнува секакво внимание за да се замени со сè што му е на народот најпотребно. Граматиковиот син, шпионите се света загуба и предмет на одмазда и затворање.

По убиството на војводата Стојан се случи да бидам во Џумаја, каде што веќе беше искажана желба да им се испрати главатар. Тогаш, по предлог и со согласност на благотворниот Џумајски комитет, отидов во Каршијак и според своите сили неуморно работев на тој начин. Оние од бегалците што се беа вратиле од Крстителската битка кое со добро кое со лошо ги прибрав од нивните колиби во селата и им поставив по тројца старешини од селаните во секое село со селско одобрение. Тие старешини го одбраа Златка од Палат за капетан на сите во Каршијак да им биде судија и потврдија едно писмо за устав според кој да се раководат старешините. Придружуван од капетанот, според тој устав, направив во сите села список на сите способни да ракуваат со оружје и кој какво оружје има, а на некои од нив што беа без оружје им дадов 72 пушки што беше ни ги испратил Благотворниот џумајски комитет и определив на три места по 100 лица како регуларни војници за секој случај да се најдат како постојана стража. Тој ред им се виде

на сите добар и стражите беа извршиле веќе две смени на по 10 дни. За несреќа тоа не им било по волја на оние од чорбаџиите што попосле се вратиле во селата и со Торолинко почнале да го бунат населението против Златко за да биде Торолинко на негово место капетан, а за да се исползуваат — ете им го случајот. За да не работи шпионството во востаничкото место, на стражите им беше наредено да не пуштат од турска страна да влегуваат луѓе, дури колку лица од Малешево беа фатени, коњите задржани за заплашување неколку дена и строго им се нареди да не преминуваат без одобрение во востаничките места.

На 10-ти овој месец двајца од Мелник на изглед Грци влегле во стражата на Игралишта и кога ја докажале целта, стражата испратила две момчиња да му јават на капетанот, а овој исплашен за да не се повлече населението кон зло, божем дозволил Златко да ги убијат двајцата Мелничани како шпиони, а момчињата ја исполниле неговата заповед. По ова убиство мене ми донесоа седум шпионски писма пратени од Турците и од мелничкиот владика Прокопиј. Кога од тие писма разбрав за убиството непријатно ми беше и немаше друго подобро средство освен да се премолчи.

Спротивната пак страна, која што уште отпорано имала тајна спогодба со Турците, едвам сега најде време да го побуни населението и кога бев во селото Добрилаки ме фатија мене, а подоцна уште 6-те момчиња. Некои велат дека чорбаџиите сакале да нè предадат на Турците, а Торолинко и еден од чорбаџиите ми рекоа дека решиле да го убијат едното од момчињата за да се загасне работата. Но кога тоа не го одобрив со залагањето на мојот живот за кое и да е од момчињата, употребив начин за овде да се дојде со надеж дека на случајов ќе се фрли правилен поглед како на дело кое во востаничко место не ретко се случува за запазувањето на местото.

Сега доброто и злото е под волјата на Вашето Високопреосвештенство и на Благотворниот комитет. Јас мислам, кога е позната мојата заслуга за успешните настани во востанието, дека не сум заслужен и за нечесност, но ако го одобрувате ќе примам сè и тоа ќе ми биде место за награда за тоа што сум помагал да се истераат Турците од Џумаја дури во петричкото (село) Ѓурѓево и Мелничка Градешница каде што се сега.

Д. П. Георгиев